Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-428
obrazovanie@kiselavoda.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 17-3801/4
18.05.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 5 од Процедура за условите и критериумите за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор со бр.17-3801/2 од 16.05.2023 година, Општина Кисела Вода објавува

# ОГЛАС

**за условите и критериумите за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе беслпатен летен одмор**

Се повикуваат сите заинтересирани ученици од општинските основни училита во општината Кисела Вода кои ги исполнуваат критериумите и условите на социјално ранлива категорија согласно за условите и критериумите за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор во тековната 2023 година.

Право на учество на огласот имаат сите ученици од општинските основни училита во општината Кисела Вода, под услови утврдени со Закон и Процедура за условите и критериумите за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор со бр.17-3801/2 од 16.05.2023 година.

## I.УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА КОИ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЌЕ СПРОВЕДЕ БЕСПЛАТЕН ЛЕТЕН ОДМОР

Изборот на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта ќе се темели на дефинициите согласно Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19):

- „Социјален ризик" е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост.
- „Домаќинство" е едночлено домаќинство или заедница на членови на семејството, како и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички живеат, придонесуваат, стопанисуваат и трошат;
- „Самохран родител" е родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат,исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права идолжности;

Кандидатите треба да ги исполнат следните општи услови и критериуми:

- да е жител на општина Кисела Вода (фотокопија на лична карта на родител/старател);

- ученикот да е запишан во редовна настава во основните училишта Општина Кисела Вода (потврда од ООУ);

Покрај општите услови, кандидатите треба да исполнуваат и најмалку еден од следните посебни услови и критериуми:

- ги исполнува условите за лице од социјална ранлива категорија согласно Закон за социјална заштита, за истото доставува соодветна документација како доказ за исполнетост на условите (се докажува со потврда од Центар за социјална работа дека е примател на социјална помош, фотокопија на извод од банка за примена социјална помош за последните три месеци);
- ученикот е член на најмалку четиричлено семејство, со еден вработен, примател на минимална плата (се доказува со потврда од исплатна листа за висина на плата, потврда од АВРМ за невработено лице);
- ученици од семејства чиј вкупен приход не надминува 35.000,00 денари месечно (доказ од УЈП за пријавени или остварени приходи за членовите на потесното семејство за последната година);

**II. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЗА ИЗБОР НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА КОИ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЌЕ СПРОВЕДЕ БЕСПЛАТЕН ЛЕТЕН ОДМОР**

- Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на општината.
- Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај" и со назнака „Пријава за Оглас за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор" и бројот на повикот.
- Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.
- Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице.
- Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисија формирана од Градоначалникот, без присуство на пријавените кандидати.
- Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите..

**Субјектите, кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да достават**

- покрај пријавата, доставува и фотокопија од лична карта, потврда за редовен ученик, Изјава за користење на лични податоци потпишана со цело име и презиме од родител – старател на ученикот, изјава за исполнетост на условите соодветна документација за исполнетост на условите за социјално ранлива категорија, потврда од Центар за социјална заштита дека е примател на социјална помош, фотокопија на извод од банка за примена социјална помош за последните три месеци / потврда од исплатна листа за висина на плата, потврда од АВРМ за невработено лице / доказ од УЈП за пријавени или остварени приходи за членовите на потесното семејство за последната година);

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-428
obrazovanie@kiselavoda.gov.mk

Рокот за пријавување започнува од 18.05.2023 година и трае 10 дена, односно заклучно до 27.05.2023 година до 18.00 часот. Пријавите со целокупната документација се доставуваат лично или по пошта на адреса: Општина Кисела Вода, ул. "Петар Делјан" бр. 17 или во архивата на општината со назнака: Пријава за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор"- Комисија).
**Пријавата и образецот со упатство за пополнување се достапни на веб-страната на општината: www.kiselavoda.gov.mk.**

**Општина Кисела Вода**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ул. Петар Дељан бр. 17 Скопје – Кисела Вода    www.kiselavoda.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-428
obrazovanie@kiselavoda.gov.mk

**Прилог 1**

До: Комисија за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта

- Општина Кисела Вода

ПРИЈАВА/БАРАЊЕ

На јавен оглас за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор

Од (име и презиме) ________________________________________, со ЕМБГ________________________________, со адреса на живеење на ______________________________,

Барањето го поднесувам по однос на јавен оглас за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор

Во прилог на пријавата (барањето) ви доставувам Изјава за исполнетост на условите.

-----------------------------------
подносител на барањето

**Прилог 2**

Јас (име, презиме) ________________________________, со адреса на живеење на ______________________________ бр. _______ и со ЕМБГ ______________________, жител на општина Кисела Вода под полна морална, материјална и кривична одговорност, ја давам следната

ИЗЈАВА

За исполнетост на условите за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта

Јас (име, презиме) ___________________________, изјавувам дека

- да е жител на општина Кисела Вода (фотокопија на лична карта на родител/старател);
- ученикот да е запишан во редовна настава во основните училишта Општина Кисела Вода ( потврда од ООУ);
- ги исполнува условите за лице од социјална ранлива категорија согласно Закон за социјална заштита, за истото доставува соодветна документација како доказ за исполнетост на условите (се докажува со потврда од Центар за социјална работа дека е примател на социјална помош, фотокопија на извод од банка за примена социјална помош за последните три месеци);
- ученикот е член на најмалку четиричлено семејство, со еден вработен, примател на минимална плата (се доказува со потврда од исплатна листа за висина на плата, потврда од АВРМ за невработено лице);
- ученици од семејства чиј вкупен приход не надминува 35.000,00 денари месечно (доказ од УЈП за пријавени или остварени приходи за членовите на потесното семејство за последната година);

Во случај на утврдување на невистинитост на податоците од оваа Изјава, согласен сум да бидат преземени соодветни законски мерки.

Скопје, __________ година

Изјавата ја дава

родител/стартел

**Прилог 3**

# ИЗЈАВА

Лицето___________________________________________

родител-старател на

ученикот_________________________________од_________________________________

како субјект на лични податоци дава **СОГЛАСНОСТ** за обработка на личните податоци потребни при пријавување на јавниот оглас за избор на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта за кои Општина Кисела Вода ќе спроведе бесплатен летен одмор.

Изјавил родител – старател

_________________

(*Име и презиме*)

_________________

*(потпис)*

_________________

*(датум)*